**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

(1) Во Правилникот за формата и содржината на дополнителните финансиски извештаи на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/12), во членот 3, во ставот (3) зборовите: „во рок од три месеци од истекот на деловната година за која истите се составуваат“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 март во тековната за претходната година“.

(2) Во ставот (5) зборовите: „во хартиена и” се бришат. После зборовите: „електронска форма ” се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување“.

(3) Ставот (6) се брише.

Член 2

Во Прилог 2, Упатство за пополнување на дополнителните финансиски извештаи, во точка 8. Извештај за вложувања кои не ги покриваат техничките и/или математичката резерва, во потточка 8.2. Упатство за пополнување на извештајот за вложувања кои не ги покриваат техничките и/или математичката резерва, во ставот Опис на вертикалните позиции, зборовите: „вкупниот капитал? се заменуваат со зборот: „капиталот“. Зборовите: „085 од Извештајот за финансиска состојба)” се заменуваат со зборовите: „V од образецот за Пресметка на капиталот)”.

Член 3

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на квартлалните извештаи за вториот квартал за 2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-298/7 | Совет на експерти |
| 22 март 2016 година | Претседател, |
| Скопје | **Климе Попоски,** с.р. |

---

**1728.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 151 од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 22.3.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ КОИ ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ, ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА И БАНКИТЕ ГИ ПОДНЕСУВААТ ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ И КРАЈНИ РОКОВИ И НАЧИНИ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИСТИТЕ**

Член 1

(1) Во Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 56/12 и 189/14), во членот 2, во ставот (1) се додава точка 6. која гласи: „6.Годишни Финансиски извештаи, согласно Законот за трговски друштва“.

(2) Во ставот (3), точката 6) се менува и гласи: „Годишни финансиски извештаи, согласно Законот за трговски друштва“.

Член 2

(1) Во членот 4, во ставот (6) зборовите: „ хартиена и“ се бришат. По зборовите: „електронска форма“ се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување“.

(2) Во членот 4 ставот (7) се брише.

Член 3

(1) Во член 5 став (1) точки 2), 3) и 4) зборовите: „за застапување во осигурување“ се бришат.

Член 4

(1) Во насловот на членот 7, бројот :„(5)” се менува со бројот: „(4)”.

(2) Во ставот (2), бројот: „4)” се менува со бројот: „3)”.

(3) Во ставот (3), бројот: „6)” се менува со бројот: „5)”.

Член 5

По членот 8 се додава нов член 9 кој гласи:

Член 9

Во однос на член 2 став (1) точка 6. и став (3) точка 6. од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават годишни неревидирани финансиски извештаи изготвени во согласност со Законот за трговски друштва најдоцна до 1 март во тековната година, за претходната деловна година.

Членовите 9 и 10 стануваат членови 10 и 11 соодветно.

Член 5

(1) Во Упатството за пополнување на обрасците ОДЗ1, во точка 1. Општи одредби, во ставот 1, после зборовите: „Друштвото за застапување во осигурување“ се додаваат зборовите: „и банката“.

(2) Во ставот 2, после зборовите: „Друштвото за застапување во осигурување“ се додаваат зборовите: „и банката“.

(3) Во точката 1. Општи одредби, во вториот став, зборот: „worksheet”, се заменува со зборовите: „работен лист“.

(4) Во точката 2. Упатство за пополнување на образецот ОДЗ1, 100. Број на склучени договори, во ставот 4 , после точката на крајот на реченицата се додава реченицата: „Доколку е издадена само една полиса за осигурување на живот со доплата за осигурување од незгода и доброволно здравствено осигурување, тогаш овој параметар треба да се прикаже на слениот начин: се впишува 1 во 1901, 2 во 1902 и 1 во 19”.

(5) Во точката 2. Упатство за пополнување на образецот ОДЗ1, 300. Реализирана провизија, зборовите: „Осигурителното брокерско друштво“ се заменуваат со зборовите: „друштвото за застапување во осигурување и банката“.

(6) Во точката 2. Упатство за пополнување на образецот ОДЗ1, 400. Пресметана провизија, зборовите: „Осигурителното брокерско друштво“ се заменуваат со зборовите: „друштвото за застапување во осигурување и банката“.

Член 6

(1) Во Упатството за пополнување на обрасците ОБД1 и ОБД2, во точката 1. Општи одредби во во ставот 2, зборот: „worksheet”, се заменува со зборовите. „работен лист“.